

Оваа година на пчеларникот во с.Филиповци,Кратово е забележано невообичаено присуство на пајаци кои на секоја кошница,пред или од страна на летата имаат изградено големи тунелски мрежи. Голем број пчели , кои се враќаат од паша завршуваат во овие мрежи.

Пајаковите мрежи во голема мера ја отежнуваат работата на пчелината заедница. Во мрежите можат да се забележат пчели со поленов прав на нозете што значи дека пчелината заедница се среќава со уште еден штеточин кој влијае врз нејзиниот развој и одржување. Иако ова не се случува секоја година во ваков обем сепак е значајно да се спомене.



Во времето на цветањето на мајчината душица се забележани бели камуфлирани пајаци кои ловат пчели.Како и пајаци кои градат мрежи на поилата за пчели каде исто така можат да се видат заплеткани пчели.



Во години кога има многу пајаци слободно можеме да констатираме дека и тие се едни од штеточините кои иако не во голема мера, сепак негативно влијаат на развојот и работата на пчелината заедница.